# ПИВАРСКИ ВЕСНИК





# Финансиски сектор

## Воведничарски текст

Прилепска пиварница како во изминатиот период така и во сегашноста, својата компактност и поставеност на цврсти основи ја темели токму на воспоставената комуникација внатрешно во компанијата и надворешно кон своите комитенти. Комуникацијата во рамките на компанијата е воспоставена врз основа на взаемно уважување и почитување од страна на раководството кон вработените, но и на самите вработени помеѓу себе, таквиот однос придонесува за одржување на стабилноста и поврзаноста на колективот.

Успешноста во работењето и континуираниот напредок на компанијата е резултат на посветеноста и заедничкото залагање на секој еден од вработените, каде припаѓаат и вработените во финансискиот сектор.

Во рамките на овој сектор се инкорпорирани и се извршуваат функциите сметководствено евидентирање и известување, финансиска оператива, даночно-акцизно евидентирање, благајничко и фактурно работење. Во извршувањето на зададените функции во финансискиот сектор на највисоко ниво се спроведуваат принципите на точност на податоците, навременост и ажурност во евидентирањето и спроведувањето на пропишаните законски обврски, со правилно и навремено изготвување на финансиските и други потребни извештаи кои се неопходни за известувањето на раководството со цел да се придонесе за донесување на правилни одлуки во секојдневното работење.

Сметководството како составен дел од секторот финансии има функција да го евидентира и следи целокупното работење на компанијата преку водење на евиденцијата со примена на контата од пропишаниот контентен план, со поодделна синтетичка и аналитичка евиденција по видови на приходи и на расходи остварени во работењето како и евиденција на сите купувачи и добавувачи со кои соработува компанијата. Само така воспоставената сметководствена евиденција на обработените документи и изготвените финансиски извештаи, може објективно да ги презентира резултатите од работењето кои претставуваат услов за успешно одржување на конкурентноста и виталноста на компанијата.

Во извршувањето на тековните работи во сметководство како дел од финансискиот сектор, значаен фактор е взаемната поврзаност и соработка со другите сектори во самата компанија, како и залагањето и посветеноста на секој поединец сè со цел успешно извршување на заедничките цели.

Финансиската оператива е спој со сите делови во рамките на финансискиот сектор, која е во функција да го следи и евидентира финансиското работење на компанијата во делот на побарувањата од купувачите и обврските кон добавувачите. За купувачите и за добавувачите се води целосна аналитичка евиденција на побарувањата и на обврските со следење на нивното уредно и ажурно измирување, наплата на побарувањата, подготовка и извршување на инструментите за обезбедување на плаќањата (вирмански налози, компензации, цесии, асигнации, превземање на долг и др.).

Во досегашното работење Прилепска пиварница настојува и успева кај своите купувачи не само да ги задоволи нивните потреби од производите и стоките кои се предмет на купопродажба, туку и да предизвика задоволство и насмевка од остварената соработка. Соработката во делот на постапката на евидентирање и усогласување на побарувањата и обврските со купувачите и добавувачите не е воспоставена само по принцип на должник и доверител туку и на принципот на рамноправни партнери со взаемно уважување и почитување.

Делот од секторот за финансии за даноци и акцизи, врши евидентирање на пресметаните законски утврдени јавни давачки со посебен акцент на данокот на додадена вредност и акцизата за пиво (како најзначителни по вредност), со месечна обврска за изготвување и доставување на аконтативна ддв и акцизна пријава и пратење на измирувањето на обврската по поднесените пријави во законските утврдени рокови.

Фактурно одделение како дел од сектор финансии е задолжено за изготвување, проверка и доставување на сите материјали и финансиски документи (фактури кон купувачите како и одобренија и задолженија кон купувачите и кон добавувачите).

Благајната е неизоставен дел од финансиското работење поради чувствителноста на работата бара особен ангажман и внимание, како во делот на извршените уплати и исплати во готовинско плаќање, така и во делот на проверка на внесените готовински уплати и исплати во благајничките дневници, со цел постигнување на точност и законитост во извршувањето на секојдневните задачи.

Со почит
**Вработените во Финансиски сектор**



# Пивото е добра пијачка, особено после добар тренинг

*Не е поентата да се убедуваме колку пивото е добра пијачка, туку да знаеме кога да се налееме со понекоја кригла или лименка за да ни биде убаво.*

Нема да се убедуваме колку пивото е хранливо или не, но треба да се сложиме дека и пивото како и сите други алкохолни пијалаци не треба да се консумира пред и за време на било кои спортски активности. Препораките за избегнување на консумирање на пивото како пијалак за ментален релакс и телесна рехидратација пред и за време на спортските активности меѓу другото е поради одредени специфики. Сите алкохоли се доста калорични, имаат доста јаглехидрати во својот состав и имаат заедничка карактеристика - ги шират крвните садови, кои потоа на ладно се собираат со што се намалува осетот за студено. Пивото има одредени оригинални специфики изведени од составот и технологијата на производството.

Пивото се добива со алкохолно вриење на јачмен и хмељ, како што добро знаеме. Хмељот (лат.humulus lupulus) содржи билни алкалоиди хумулини и лупулини. Овие алкалоиди делуваат како седативи, го смируваат организмот, ги опуштаат мускулите, а алкохолот дополнително ги ослабува рефлексите. Хмељот во историјата на медицината бил познат лек за лекување на несоници.

Мускулниот релакс брзо доведува до замор при оптеретувањата, а намалените мускулни контракции се добар услов за повреди. Ако сериозно го прочитавте текстов погоре нема да ви биде тешко да заклучите кога е најдобриот тајминг за да пивнете некое пивце. Драги колешки и колеги љубители на пивото, на здравје!

Преземено од www.karas4training.com

# Прилепска пиварница и Фабрика на знаење

Фабрика на знаење е наставно-научен и апликативен проект на Универзитетот ФОН со кој се спојуваат студентите, бизнис заедницата и јавните институции на едно место, во насока на реализација на поставените задачи. Целта на проектот е да се создадат реални и квалитетни производи од страна на студентите, како зададена задача од партнерските компании кои учествуваат во проектот. Фабрика на знаење се обидува за прв пат кај нас да ја конкретизира соработката на високообразовните институции и реалниот сектор.

Преку проектот Фабрика на знаење се имплементираат теоретски стекнатите знаења во текот на студирањето, се промовира потенцијалот на нашите студенти пред идните работодавци, а воедно и се потенцира квалитетот на едукативниот процес со кој Универзитет ФОН може да се гордее.

Право на учество во проектот Фабрика на знаење имаат студентите од прва до петта година заради неопходноста од поседување одредени предзнаења за учество во проектот. Проектот е конципиран интердисциплинарно, односно учество во проектот земаат студентите од сите факултети кои се дел од Универзитетот ФОН. Ваквиот концепт ја овозможува комплетната реализација што би можела да ја даде некоја етаблирана компанија, со оглед на разновидноста на едукацијата која ја имаат сите студенти, кои се дел од проектот.



*Потпишување на договорот за соработка помеѓу Прилепска пиварница и Универзитетот ФОН*

Прилепска пиварница се одлучи на соработка со Универзитетот ФОН во склоп на нивниот проект Фабрика на знаење, на што им ги даде сите насоки кои им се потребни на тимовите при развивањето на своите проекти.

Во склоп на овој проект беше организирана посета од страна на студентите на ФОН заедно со нивните професори и директорот на ФОН - г-дин Сефер Цаноски. Во склоп на оваа посета покрај говорот и воведувањето во работата на самата наша компанија од страна на генералниот директор, заменик генералниот директор и бренд менаџерот за сокови, имаа можност за посета во производство, каде можеа да опипаат пореално како изгледа производниот процес.









Со овој проект, Универзитетот ФОН ги надополнува своите активности за унапредување на квалитетот на наставата преку еден веќе воспоставен модел, но со оригинален пристап и со идеи. Првата година, кога Фабрика на знаење почна да се реализира како пилот проект, постигна голем и неочекуван успех. Со признанијата добиени од компаниите кои учествуваа и со позитивните реакции на пошироката јавност, проектот поттикна интерес за учество на нови големи и престижни компании. Креативните и применливи решенија на студентите го направија проектот исклучително атрактивен, а Универзитетот ФОН - горд на својот капацитет и потенцијал.







Преземено од http://fon.edu.mk/



# 11та интернационална конференција за човечки ресурси

Искра Конеска, директор на човечки ресурси во Прилепска Пиварница е прогласена за најдобар HR менаџер за 2018 година. Изборот за најдобар HR менаџер, што го спроведува Македонската асоцијација за човечки ресурси (МАЧР), се прави петта година по ред со цел да се препознае, признае, промовира и да се награди успехот на најпосветениот професионалец во делот на управување со човечки ресурси.

Наградата значи и промовирање и признание на организацијата којашто е посветена во интегрирање на успешните практики во управување со човечките ресурси, како една од носечките алки во доделување на компанијата.

Петчлената комисија за избор на HR менаџер на годината, составена од експерти во областа на човечките ресурси со долгогодишно искуство (двајца од академска област, двајца професионалци од бизнис средини и минатогодишниот носител на титулата) одлучи дека Конеска треба да ја понесе титулата за 2018 година, поради нејзиниот придонес во развој на оваа област, со имплементација на практики за поддршка и развој на оваа област, со имплементација на практики за поддршка и мотивација на вработените во компанијата во која работи, а со тоа и во промовирање на важноста на професијата HR во општеството.

„Благодарам на Асоцијацијата за ова признание, а особено на Прилепска пиварница што ми даде можност да го имплеметирам сето мое искуство во човечки ресурси во компанијата. Оваа награда ја посветувам на сите вработени во Прилепска пиварница затоа што заслугата е заедничка.", изјави Искра.

Оваа награда и беше доделена за време на завршниот коктел во рамките на 11-тата Меѓународна конференција за човечки ресурси кога во организација на МАЧР, на 20 мај се одржа во Скопје. Осум престижни професионалци и експерти од полето на човечки ресурси го пренесоа своето знаење и искуство на тема HR-The catalyst of transformation (HR како поттикнувач на промени), која е произлезена од константната потреба од професиите и организациите да се менуваат во чекор со новите технологии и промени во светот.

На конференцијата присуствуваа над 250 гости и учесници, а во текот на работниот ден предавачите ги споделија своите искуства и визии во оваа област и го презентираа своето стручно знаење, иновативни идеи и упатија препораки кои присутните менаџери и професионалци ќе можат да ги имплементираат за унапредување на организацијата во која работат.






# Уште три нови вкусови, под едно име TUBE

Прилепска пиварница започна да ги дистрибуира и TUBE соковите како мирни сокови. Истите како доста освежителни и конкурентни на пазарот им ги нуди на консументите во три вкусови: Tube црвено овошје, Tube мултивитамин и Tube портокал.

Tube соковите се дел од новата програма на Књаз Милош.

Новиот бренд на сокови си ја доби својата промоција. Tube kick off настанот се одржа на 10.05.2019 година, со локација Јавна Соба (Public room), Скопје. Истиот имаше временска рамка од 15:00 - 16:30 часот.

Tube kick off настанот беше одржан со цел да се претстави брендот на целиот продажен тим на Прилепска пиварница, како и сите детали околу активностите кои што ќе следат при лансирањето на истиот. На самиот настан нашиот бренд менаџер Оливер Ѓориќ за Књаз Милош заседе воведен говор. По што непосредно заседоа говор и претставниците од Књаз Милош - Владимир Адамовиќ, Милош Стоиљковиќ и Милица Игњатовиќ, кои ги испрезентираа сите податоци и информации околу новиот бренд.

Пред самиот крај од настанот генералниот директор г-дин Сашко Самарџиоски, имаше завршен мотивациски говор. Во таа прилика ја нагласи важноста на овој бренд како дел од нашето портфолио и кои се очекувањата на Прилепска пиварница.

Колегите на овој настан имаа можност детално да се запознаат со новиот бренд, да ги пробаат сите вкусови како и да слушнат за искуствата во Србија и позиционирањето на Tube на српскиот пазар. На оваа промоција секој од присутните имаше можност да го види деталниот маркетинг план како и кои се следни активности во наредниот период поврзани со овој бренд.

На самиот крај од настанот колегите од Прилепска пиварница имаа можност да дегустираат од храната приготвена од Јавна соба и воедно во неформален разговор да споделат и разменат искуства со колегите од Књаз Милош околу секојдневните предизвици како и работата на терен.







# Голема наградна игра на ПЕПСИ

Пепси го означи самиот почеток на новата, исклучително атрактивна наградна игра на 01.06.2019 година. Ова е механизмот со кој функционираше оваа наградна игра. Со купувањето на било кое Пепси пакување потребно беше да се отиде на www.40.pepsi.com.mk. Таму беше отворена можност да се впише кодот од фискалната сметка заедно со датумот и часот на купување. Придобивката која ја имаа потенцијалните добитници додека чекаа на својата награда, беше да се освежат со одличниот вкус на Пепси.

Мора да напомнеме дека наградите беа навистина примамливи. Почнувајќи од 1-ви јуни, имаше по едно извлекување на 40.000 денари секој ден во месецот. Големото финале со главното извекување беше на 1-ви јули кога со извлекувањето во живо се додели наградата од 400.000 денари!

Покрај 30-мина добитници на 40.000 денари, го имаме и најсреќниот фан Дејан Донев, од с. Грдовци Кочани, кој освои 400.000 денари во големата наградна игра по повод 40 годишнината од Pepsi во Македонија.

Преземено од www.fakulteti.mk

# 40 години Пепси во Македонија

**Како Пепси стигна во Македонија?**

Пепси брендот е роден во 1898-ма година, многу пред Бијонсе, Бекам, Меси и останатите да го пијат со сласт на малите екрани. Производ на изумителот на Пепси, Кејлеб Брадам, пијалакот е омилен меѓу светската популација повеќе од еден век!

Во Македонија сепак, е дојден малку подоцна, во 1979-та, верувале или не поради еден судбоносен телефонски разговор. Имено, во мемоарите на претседателот на управниот одбор на Прилепска пиварница, Кирил Самарџиоски, запишана е ситуација од мај 1978-ма кога стигнува телефонски повик во неговата канцеларија: „Господине Самарџиоски, дали би биле љубезни да нè примите мене и уште еден човек на состанок?"



*Кирил Смарџиоски-Претседател на управен одбор во Прилепска пиварница*

Луѓето кои по неколку денови доаѓаат во Прилеп се Ричард Хајнрих, шеф на бирото на ПепсиКо за Југоисточна Европа во Виена, и Антун Халожан, менаџер на ПепсиКо за Југославија. Првите разговори за доаѓањето на големиот светски бренд во Македонија се правени верувале или не, во прилепски ресторан, каде високите претставници од ПепсиКо за прв пат во својот живот пробале прилепски ширден!

Очигледно, им се допаднал и разговорот и специјалитетот, бидејќи неколку месеци подоцна во луксузниот хотел „Интерконтинентал Загреб" е остварена нова средба, овој пат со потпретседателот на целата ПепсиКо компанија Херберт Лај, а на 19 април 1979-та во Прилеп е официјално потпишан договорот за лиценца со кој Прилепска пиварница добива ексклузивно право за производство и полнење на пијалоците од ПепсиКо групацијата.


*Кирил Самарџиоски и Херберт Лај, Прилеп, 19 април 1979*

Во неверојатниот сплет на околности веројатно има и голема доза на среќа, посебно поради тоа што години отпосле, откако станале и добри пријатели, г-дин Халожан му открил на г-дин Самарџиоски дека судбоносниот повик од мај 1978-ма дошол по неколку неуспешни обиди да се најде партнер на ПепсиКо во Македонија.

Американците се сретнале со повеќе други производители на пиво и пијалаци, но за среќа за Прилеп, ниту еден не ги исполнил очекувањата и критериумите на ПепсиКо. Гледајќи од оваа перспектива, очигледно е дека треба среќа во бизнисот, но среќата може да донесе една фирма само до одредена точка, натаму се е знаење, умешност и истрајност. За квалитетот на Прилепска пиварница говорат признанијата кои компанијата ги има добиено од светскиот гигант.

Прилепска пиварница ја слави 40 годишнината на Пепси во Македонија со десетици високи признанија од ПепсиКо групацијата. Бронзени, сребрени и златни награди за квалитет, како и највисокото признание - Chairman's Circle of Champions, за врвни перформанси во работењето. Награда која е толку ретка, што Прилепска пиварница беше единствената фабрика во Европа која ја доби таа година.



**И каква би била оваа годишнина доколку не ѝ се даде достојна прослава и значењето кое самата го заслужува?**

Pepsi одбележа 40 години во Македонија со гламурозна прослава.




Возејќи кон Музејот на Град Скопје не можеш, а да не ја забележиш огромната видео проекција на целата катна гаража „Македонска фаланга". 40 ГОДИНИ PEPSI ВО МАКЕДОНИЈА се анимира на фасадата во препознатливите Pepsi бои. Во истиот момент и небото над Скопје се обојува во сино, поради спектакуларниот огномет од врвот на зградата. А таму горе, Прилепска пиварница прославува два исклучително значајни јубилеи за компанијата и нашата држава - 40 години Pepsi и 95 години Прилепска пиварница во Македонија.

Со гламурозна прослава на која можеа да позавидат и високите преставници од PepsiCo кои долетаа специјално за овој настан, Прилепска пиварница прослави заедно со своите пријатели, соработници и бизнис партнери. Марјана Станојковска, облечена во припиен син фустан ја водеше вечерта во која збор земаа генералниот директор Сашко Самарџиоски и Претседателот на УО Кирил Самарџиоски, пред да се качи на сцената франшизниот директор на PepsiCo одговорен за 19 пазари во Европа, Атила Кешег, кој не штедеше пофални зборови потенцирајќи ја реткоста на така долготраен договор за соработка како тој помеѓу неговата компанија и Прилепска пиварница.



Следеше доделување признание, сребрена награда за квалитет за 2018 во рамки на групацијата PepsiCo, уште едно во низата награди кои Прилепска пиварница ги освојува последниве десетина години.

- За ова не е заслужен ниту еден поединец, ниту јас, ниту мојата сестра, ниту било кој друг. Заслужен е колективот. Прекрасните дами и господа кои секојдневно даваат максимум од себе, кои со својот раст прават да расте и компанијата, и кои се дел од фамилијата на Прилепска пиварница! – изјави генералниот директор Самарџиоски.




Фантастичниот огномет го означи крајот на официјалниот дел и почетокот на забавата која траеше до доцна во вечерта, а за која беа задолжени Каролина Гочева и бендот „Саут парк". Присутни беа голем број познати лица од јавниот живот, бизнис заедницата, како и медиуми кои го покриваа настанот.



Во овие 40 години соработка, Прилепска пиварница и PepsiCo имаат инвестирано преку 50 милиони долари во Македонија за маркетинг, основни средства и инвестиции во производство. Со тоа што беше во тек и големата наградна игра Прилепска им се заблагодари за верноста на своите Pepsi консументи.



# Кампања што ни ги стопли срцата #ВистинскиДругари -со Газоза

Оваа сезона Прилепска Газоза продолжи да го слави вистинското другарство, но, овој пат на уште поавтентичен начин, со документарно откривање на вистински другарства преку спецификите на секое од прикажаните другарства, како и на тема „што е другарството, воопшто".

Во ТВ спотот за кампањата личните приказни за пријателството ги раскажаа дваесет вистински другари и другарки од различни генерации – Сара и Вљора, Бојан и Стојан, Јанко, Војдан и Карло, Мартина и Миа, Лео и Даворин, Елена, Христина и Биљана, Драган и Јоцо, Јана и Симона, и Иван и Вера. Сите тие ја раскажаа својата вистинска приказна за нивното другарство, а ТВ спотот беше снимен во документарен стил на повеќе урбани и исклучително живописни локации кои постојат како такви и не беа креирани за потребите на снимањето.

Кампањата започна кон средината на април со интегралниот имиџ ТВ спот во повеќе верзии, а се разви со проширени верзии на поголем дел од приказните во кои ликовите имаа можност да раскажат повеќе детали за нивното специфично другарство на друштвените медиуми.

Во рамки на споделувањето на проширените верзии од видеата на друштвените медиуми, беше достапна и активација за следачите на Газоза страниците, кои во коментари имаа можност да споделат фотографија од нивните најдобри другарства и да освојат награда.







#ВистинскиДругари е исклучително емотивна кампања која ни ги стопли срцата и уште еднаш ни покажа не само колку е важно другарството во нашите животи, туку и дека секое другарство е различно, автентично и специфично и се појавува без правила и само од себе.














# УБАВИТЕ ЛИЦА НА OFFEST И ЗЛАТЕН ДАБ

Секоја година, мирисот на липите во Скопје заедно со прекрасниот вкус на Златен даб совршено се синхронизираат со одржувањето на OFFest. Исто како кога гледате убав филм. Звуците на напластената музичка традиција од целиот свет се изговорените реплики, а мирисот и вкусот се преводот што оди на екранот.

Уживањето приближно се движи во тој распон на емоции. Годинава, програмата беше распространета во шест фестивалски дена започнувајќи од 03.06.2019 година, каде OFFest се погрижи да добиеме можност за да уживаме во настапите на највозбудливите имиња од светската музика: велшката харфистка Catrin Finch и сенегалскиот кора-мастер Seckou Keita, нашиот Крсто Роцевски, Bassekou Kouyate и неговиот бенд Ngoni Ba, африканската дива Fatoumata Diawara, неприкосновените претставници на „унгарската тамбурица" Sondorgo и струмичкиот „фанки тигар" Џамбо Агушев со неговиот дувачки оркестар... OFFest заврши на 08.06.2019 година, со ексклузивен полноќен диџеј-сет на DADDY G од Massive Attack.



Има уште нешто што е заштитен знак на секое издание на OFFest, тоа се Прилепска пиварница која и оваа година е традиционално спонзор со Златен даб како официјално пиво на фестивалот, лицата што ги среќавате на фестивалот и енергијата со која го „напојуваат" секое случување во неговите рамки, кои придонесуваат оваа музичка традиција да опстане и покрај сè.

Преземено од www.popup.mk




# НАГРАДНА ИГРА ЗЛАТЕН ДАБ

И овој пат на големо задоволство на љубителите на Златен даб, Прилепска пиварница организираше голема наградна игра. Истата се одигра под слоганот „500 евра секој ден со Златен Даб".

Наградната игра започна на 10.6.2019 година и траеше до 21.7.2019. Секој ден во 13 часот се извлекуваше по еден добитник на 500 евра во денарска противвредност во износ од 30 750,00 денари.

Се разбира бројноста на вкупно испратени кодови ги надмина очекувањата. Токму затоа што можност за учество во наградната игра се добиваше со секое купено „Златен Даб" од 0,5л или 0,33л со златно капаче, по отварањето под капачето се наоѓаше код со 8 знаци. До оваа бројност на испратени кодови, придонесе и лесниот пристап за испраќање на кодовите. Потребно беше само да се испрати кодот по СМС на 14700 или на VIBER / ZLATEN DAB, за да се стане потенцијален добитник на 500 евра.

Ова се неколку од вкупно 42 среќни добитници:




Борче Ѓорѓиев




Гоце Стефанов




Оливер Велјанов




Nesrina Chaiche




Сашка Искова

# НЕ САМО ПРОФЕСИОНАЛНО, ТУКУ И КРЕАТИВНО

Дека на Прилепска пиварница не можеме поинаку да гледаме освен како на едно големо семејство, во кое секој од нас мора да се залага и да вложува покрај неопходните активности и љубов и креативност, докажуваат и нашите продажни сили.

Асортиманот со кој Прилепска пиварница располага, на нашите продажни тимови им дава инспирација и енергија секогаш да го дадат максимумот од себе. И овој пат изложбеното позиционирање на артиклите ја разбуди креативноста на секој член од продажните сили. Тоа ги направи уште поцврсти како тимови, бидејќи само тимски успехот е поголем и посладок.




Тимот во Битола својата креативност ја покажа со прекрасно направениот Кралски трон со нашиот Крали Марко.




Во иста насока својата креативност ја покажаа и колегите од Тим Тетово. Кои направија одличен трон со изложбеното позиционирање на нашиот Крали Марко.

Во иста мера се вложи и тим Охрид, ова е нивниот трон за Крали Марко.






На креативноста ѝ нема граници, нашиот продажен тим Битола направи прекрасно изложбено позиционирање со Крали Марко тврдина.









Не само што 40 годишнината Пепси во Македонија сите емотивно нè врзува, туку ги поттикна и нашите продажни сили да го направат овој прекрасен трон во чест на оваа годишнина. За него е заслужна креативноста на тимот Скопје.

# ТРЧАМЕ ЗАЕДНО ЗА ЛИЦАТА СО ЦЕРЕБРАЛНА ПАРАЛИЗА

Општина Прилеп, по втор пат во соработка со приватните стопански компании „ГЕНТЕРМ Македонија", „Комфи Ангел" и „Стопанска комора на Македонија - Регионална канцеларија Прилеп", „Мермерен Комбинат", „Прилепска Пиварница", „Конфекција Кули", „WIK" и „Ветеринарна Клиника - Прилеп" организираше рекреативно донаторско трчање од 5 км во централното градско подрачје која се случи на 30.06.2019 во неделата,  со почеток во 19:00 часот, а целта беше да се соберат што е можно повеќе средства за лицата со церебрална парализа.

Прилепска пиварница има развиено големо пријателство кон лицата на кои им е потребна помош, особено кога станува збор за дел од нашите сограѓани.

Многу пати низ многу акции и донации Прилепска пиварница ја има докажано својата општествена одговорност. Прилепска пиварница со голема чест и задоволство  се вклучи во оваа рекреативна трка, токму за да им подаде рака на лицата со церебрална парализа.

Околу 2.000 учесници се вклучија во оваа рекреативна трка „We run we care". На истата Aqua Viva беше водата која ја гаснеше жедта. Притоа мора да напоменеме дека самата трка немаше натпреварувачки карактер, туку хуманитарен карактер а собраните средства од котизацијата на учесниците, 100 денари по лице, ќе бидат употребени за тековно одржување и доопремување на Центарот за лица со церебрална парализа.




Покрај учеството како спонзор, Прилепска пиварница преку хуманиот карактер на своите вработени оваа трка ја збогати со свои учесници.






# Прилепска пиварница генерален спонзор на театарските игри во Прилеп

Традиционално како и секоја година Прилепска пиварница со Златен даб како официјален пијалак на самиот настан, ги поддржува театарските игри во Прилеп. Оваа година Прилепска пиварница тоа го направи како генерален спонзор. Покажувајќи целосна поддршка на театарските игри, како настан кој придонесува во одржувањето и развитокот на културата помеѓу сите нас.

Со доделување на наградите за животно дело и со првата претстава во конкуренцијата, „Макбет" на МНТ од Скопје, на 07.06.2019 година во Центарот за култура „Марко Цепенков" беше отворен 54. Македонски театарски фестивал „Војдан Чернодрински" кој годинава се одржуваше под мотото „Ова е наше време, време е за театар".

„Но, оваа година 'Чернодрински' ќе се спротивстави на носталгичните ставови за подобрите времиња со цел да го потврди квалитетот на сегашноста. Се инспирираме од минатото за да создаваме денес, имајќи цврста визија за иднината", се вели во најавата на фестивалот.

Прилепската публика која има стаж од 54 години за следење театарски претстави, годинава прв пат имаше можност да гласа и да додели награда за најдобра, според нејзина оцена, претстава. Токму оваа награда ја доби претставата „Пиреј" на прилепскиот театар Војдан Чернодрински. „Бакхи – краток преглед на распадот" во режија на Игор Вук Торбица на Битолскиот театар е најдобрата претстава на 54 МТФ „Војдан Чернодрински". Беа доделени на самото затворање на 15.06.2019 година и останатите награди.

Преземено од www.novamakedonija.com.mk






СЕКОЈ ДЕН
500€
СО ЗЛАТЕН ДАБ
ИСПРАТИ ГО КОДОТ ПРЕКУ СМС НА БРОЈОТ 14700*
ИЛИ НА VIBER/ZLATEN DAB
ДОЗНАЈ ПОВЕЌЕ НА ZLATENDAB.COM.MK
*ЦЕНАТА НА СЕКОЈА СМС ПОРАКА Е 5,9 ДЕН. СО ВКЛУЧЕН ДДВ
ZLATEN DAB